Здружение на новинарите на Македонија

# Анкета за состојбата на новинарството

Септември 2014 година, Скопје

Оваа анкета е објавена во рамките на проектот Медиумска опсерваторија на Југоисточна Европа http://mediaobservatory.net Оваа книга е издадена со финансиска поддршка од Европската Унија. За содржината на книгата исклучиво се одговорни издавачот и авторите и во никој случај не може да се смета дека таа ги одразува ставовите на Европската Унија

**Методологија**

Во периодот од јуни – јули 2014 година Здружението на новинари на Македонија организираше 6 дебати во соработка со Регионалните центри на ЗНМ во Штип, Струмица, Охрид, Битола, Тетово и Куманово. На овие настани учествуваа 107 новинари, претежно претставници на регионалните и локалните медиуми како и дописници на националните радиодифузери и весници. Настаните беа организирани од Извршната канцеларија и Регионалните координатори а со времетраење од еден ден со исклучок на 1 настан во Штип кој беше дво-дневен семинар.

Темата на сите шест настани во Регионалните центри на ЗНМ беше *„Состојбата на новинарството во Македонија“* со иста агенда, каде поздравен говор имаше Претседателот на ЗНМ, Извршниот директор на ЗНМ и Регионалниот координатор по што следеше опис на тековните активности на ЗНМ како и излагање за теми актуелни во медиумскиот простор кои се од интерес на новинарите. По овој дел, следеше дискусија од присутните а на крај беа нотирани и заклучоци од секоја средба. На овие настани, на присутните новинари им беа доставени примероци од Анкетата за состојбата на новинарството каде имаа можност да ги одговорат прашањата и да ја достават потполнетата анкета до ЗНМ. Вкупно 85 одговорени примероци од анкетата беа реализирани од настаните. Во текот на месец август анкетата беше доставена и до целото членство по електронски пат по што само 7 членови на ЗНМ доставија одговор на анкетата. Податоците во прилог се базираат на анализа на ставовите на 92 новинари кои беа дел од регионалните настаните на ЗНМ и мал дел од нив кои одговорија електронски.

Анкетата се состои од вкупно 26 прашања кои се поделени во неколку групи и тоа прашања со да и не, прашања со повеќе опции како одговор како и последното прашање кое е со описен одговор. Освен тоа, после секое прашање новинарот имаше можност да приложи коментар во форма на забелешка.

**Вовед**

Здружението на новинарите на Македонија е граѓанска организација базирана на членство која за свои членови ги има новинарите на национално ниво од сите видови на медиуми и тоа радиодифузери, печатени медиуми и електронски информативни веб портали. ЗНМ има секогаш тенденција што е можно повеќе да ги вклучи своите членови при креирање на своите политики и ставови. Во таа насока, оваа Анализа ќе помогне на ЗНМ во иднина пофокусирано да пристапи кон процесот на лобирање на критични прашања кои се важни за медиумскиот сектор и новинарите кон јавноста и властите. Информациите од оваа анализа на анкета ќе бидат искористени и при изработка на новиот стратешки план на ЗНМ за 2015-2018 година кој се очекува да биде изработен кон почетокот на 2015 година и потоа изгласан од страна на Собранието на ЗНМ.

1. **Дали сте член на Здружението на новинари на Македонија?**
ДА
НЕ




*Од вкупниот број на испитаниците 94% се членови на ЗНМ.*

2. **Дали новинарството се забранува или обесхрабрува поради некоја од следните причини:**

- етничкото потекло




- социјална класа




- религија




- *77% сметаат дека новинарството не се забранува поради етничко потекло*
- *88% сметаат дека новинарството не се обесхрабрува поради социјалната класа*
- *94% сметаат дека новинарството не се забранува поради религија*

3. **Колку медиумите преку своето известување ја задоволуваат јазичната разновидност на населението:**
- многу добро
- прилично добро
- прилично лошо
- многу лошо




*60% од испитаниците сметаат дека медиумите прилично добро ја задоволуваат јазичната разновидност на населението.*

4. **Дали новинарите можат да покриваат настани на лице место?**

   1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство: 1 значи дека новинарите не можат да покриваат настани на лице место, а 10 значи дека новинарот има целосен пристап до настани




*Поголем дел од испитаниците сметаат дека новинарите можат да покриваат настани на лице место*

5. **Дали имало случаи на ограничен пристап до или покривање на една или повеќе региони (со административни забрани , строги контроли на документи и сл.) ?**
   - Да
   - Не



*65% од испитаниците сметаат дека има случаи на ограничен пристап до или покривање на една или повеќе региони*

6. **Во текот на изминатите 12 месеци, дали сте виделе било кој од следниве активности насочени кон новинарите од страна на Владата или од страна на верските органи или големи компании, или од заинтересирани групи кој што се поврзани со било кој од нив?**

Опишете колку често на следната скала, со 1 што претставува отсуство на такви активности, и 10 што претставува повторени акции

| | |
|---|---|
| 1. Јавна дискредитација | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 2. јавните навреди | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 3. говор на омраза | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 4. поткопување на пресумпцијата на невиност | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 5.критика на верската припадност | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 6. критика на етничкото потекло | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 7. вистински или обид за физички напад | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |




*- Најголем дел од испитаниците сметаат дека има големо присуство на повторени акции насочени кон новинарите од страна на Владата или од страна на верските органи или големи компании, или од заинтересирани групи во однос на: јавна дискредитација, јавните навреди, говор на омраза и поткопување на пресумпцијата на невиност.*
*- Најголем дел од испитаниците сметаат дека нема присуство на повторување на акции насочени кон новинарите во однос на: критика на верската припадност, критика на етничкото потекло или обид за физички напад*

7. **Дали некои новинари добиваат покани за луксузни настани, прес патувања и други видови на бенефиции што ќе ја наруши нивната објективност во нивните публикации?**
   - Често
   - Понекогаш
   - Може да се случи , но многу ретко
   - Исклучително ретко
   - Никогаш




*Половина од испитаниците потврдија дека новинарите често добиваат покани за луксузни настани*

8. **Дали новинарите понекогаш се платени од некои други освен од нивните редовни работодавци со цел да се влијае на она што тие пишуваат?**
   - Често
   - Понекогаш
   - Може да се случи, но многу ретко
   - Исклучително ретко
   - Никогаш




*Речиси половина од испитаниците потврдија дека новинарите* понекогаш *се платени од некои други освен од нивните редовни работодавци со цел да се влијае на она што тие пишуваат*

9. **Дали средствата за јавно информирање обезбедуваат покривање и пристап за сите политички случувања?**

   1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство: 1 означува ситуација во која јавните гласила не се за сите политички случувања, а 10 значи целосна отвореност кон сите политички тенденции




*26% од испитаниците сметаат дека јавните гласила воопшто не се отворени само на официјално овластени политички случувања*

10. **Дали истражувачкото новинарство е доволно развиено за да се покријат прашања од јавен интерес?**

    1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

    Упатство: 1 означува услови во кои истражувачкото новинарство е непостоечко, 10 означува присуство на високо развиено истражувачко новинарство




*Поверојатно од испитаниците сметаат дека не постои истражувачко новинарство за да се покријат прашања од јавен интерес*

11. **Дали Владата врши мониторинг или им се заканува на новинарите?**
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство: 1 значи не се врши мониторинг или закани, 10 значи систематско следење придружено со постојани закани




*35% од испитаниците сметаат дека постои систематско следење придружено со постојани закани*

12. **Во целост, дали медиумите се слободни да ги објават своите откритија во врска со ...**

| | |
|---|---|
| - политичка моќ? | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| - големи економски интереси? | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| - верски заедници? | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| - војска? | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| - полицијата и институции за кривична правда? | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| - организираниот криминал? | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |

Упатство: 1 означува отсуство на слобода да ги објават своите откровенија, 10 значи слобода да се објават откритија без ограничувања надвор од оние својствени во било кое новинарско истражување



*Испитаниците сметаат дека медиумите не се слободни да ги објават своите откритија најмногу во врска со* политичка моќ (41%) а најмалку со верските заедници (19%).

**13. Дали новинарите применуваат само - цензура, поради страв од следните последици?**

- Граѓански тужби или кривично гонење (парични казни, затвор) 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10
- Професионална одмазда или напади врз угледот 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10
- Закани на безбедноста на новинарот или на неговото семејство 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 значи дека стравот од таквите последици е отсутен, 10 означува постојан страв до точка на спречување на новинарите од допирање на одредени теми.




*Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека новинарите применуваат само – цензура бидејќи се со постојан страв од следните последици:* Граѓански тужби или кривично гонење (парични казни, затвор (38%), Професионална одмазда или напади врз угледот (36%) и Закани на безбедноста на новинарот или на неговото семејство (33%)

**14. Кој поттикнува најмногу страв и се заканува со одмазда за објавена новинарска сторија?**

- Политички партии
- Приватни компании
- Војската
- Религиозните заедници
- Религиозните екстремисти
- паравојска
- организиран криминал




*Најголем дел од испитаниците сметаат дека политичките партии поттикнуваат најмногу страв и се закануваат со одмазда за објавена новинарска сторија наспроти религиозните заедници кои најмалку влијаат во контекстот.*

15. **Дали конфликтот на интереси од страна на сопствениците на медиумите често се причина за новинарската само- цензура?**

    1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Забелешка - 1 значи дека конфликтите на интерес се не постоечки или воопшто не влијаат на она што новинарите ќе го објават, и 10 означува ситуација во која поради судир на интереси често води до самоцензура




*42% од испитаниците сметаат дека судирот на интереси на сопствениците на медиумите често води до самоцензура*

16. **До кој степен радио и телевизиските станици со најголема публика презентираат независни и критички вести?**

    Забелешка - 1 значи отсуство на такви вести, а 10 означува силно присуство

- на приватни медиуми 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10




17. - на јавниот сервис 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10




Забелешка: испитаниците одговорија дека
- на приватните медиуми скоро подеднаков е степенот на присуство (21%) и отсуство (19%) на независни и критички вести
- во врска со јавниот сервис, 46% од испитаниците одговорија дека има отсуство на презентирање на независни и критички вести

18. **Дали јавните гласила игнорираат некои вести кои се чувствителни за Владата, но кои приватните медиуми ги објавуваат?**
- Никогаш, сите вести се објавени
- Ретко
- Често
- Систематски




Најголем од испитаниците сметаат дека јавните гласила често игнорираат вести кои се чувствителни за Владата, но кои приватните медиуми ги објавуваат.

19. **За време на изборните кампањи , дали радијата и телевизиите обезбедуваат правична распределба на настапи од страна на кандидатите?**
    1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 означува ситуација во која властите имаат монопол на настапи, 10 означува целосно правична распределба на појавите и покриеност




*Најголем дел од испитаниците одговорија дека власта има монопол на настапи за време на изборна кампања*

20. **Надвор од изборниот период , дали Владата наметнува објавување на информации, без право да го критикуваат она што е кажано?**

    1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 означува ситуација во која владата никогаш не бара емитување под овие услови, а 10 означува ситуација во која владата често бара емитување под овие услови




*Најголем дел од испитаниците одговорија дека владата често бара емитување на информации без право да го критикуваат она што е кажано*

**21. Дали новинарите се лесно достапни за граѓаните и граѓанските организации без да бидат следени и контролирани?**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 значи дека контактот е невозможен, а 10 значи целосна слобода на контакт без контроли или следење




*Поголем дел од испитаниците сметаат дека новинарите се достапни за граѓаните и граѓанските организации без да бидат следени и контролирани*

22. **Дали конфликтот на интереси на сопствениците на медиумите често е причина за новинарска само - цензура?**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 значи дека конфликтите на интерес се непостоечки или воопшто не влијаат на тоа што новинарите ќе објават, а 10 означува ситуација во која конфликти на интерес често водат до автоцензура




*Најголем дел од испитаниците одговорија дека конфликтот на интереси доведува до автоцензура*

23. **До кој степен може маркетинг агенциите , кои работат со медиумите, да влијаат на уредувачката политика во следните медиуми**

- Печатени медиуми 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10
- Други печатени медиуми 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10
- ТВ и радио вести мрежи 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10
- Веб-сајтови 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 значи никакво влијание, 10 значи максимално влијание до тој степен што големите економски интереси целосно ја контролираат уредувачката политика



*Поголем дел од испитаниците сметаат дека има максимално влијание од страна на маркетинг агенциите*

**24. Дали новинарите добиваат информации од јавните институции согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер?**

- Секогаш или речиси секогаш
- Често
- Не често
- Никогаш или многу ретко




***Најголем од испитаниците одговориле дека не често добиваат информации од јавните институции***

**25. Каква е соработката помеѓу новинарите и портпаролите на јавните институции?**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 значи никаква соработка, 10 значи одлична соработка



*Поголем дел од испитаниците сметаат дека постои солидна соработка помеѓу новинарите и портпаролите на јавните институции*

26. **Каква е соработката помеѓу новинарите кои известуваат на другите малцински јазици?**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Упатство - 1 значи никаква соработка, 10 значи одлична соработка




*Поголем дел од испитаниците сметаат дека постои одлична соработка помеѓу новинарите кои известуваат на други малцински јазици*

27. **Како сметате дека Здружението на новинарите на Македонија може да ја подобри состојбата во која работат новинарите?**

- Доколку има здружението масовно членство и вистински новинари кои си ја штитат професијата, ЗНМ ќе биде уште посилна организација.

- ЗНМ да влијае да се зголемат платите на новинарите за да не може никој да ги поткупува и уценува

- Само со дебати и кревање глас

- Ако продолжи со активности како во последниве две-три години, со еднаква блискост или дистанца со власта и со опозицијата и со интензивна соработка со меѓународната заедница.

- Обуки за јакнење на капацитетите на новинарите од неколку аспекти

– Почитување на новинарската етика и стандарди,

- Почитување на македонскиот стандарден јазик и сл.

- Ако се професионалните стандарди јаки сметам дека ќе бидеме поотпорни на влијанијата.

- Влијание на решавање на проблемите од работен однос, местото на дописниците во националните медиуми, платите и сл.

- Состојбата треба да се промени да имаат повеќе заштита од тужби и други работи. Да се разгледа во која состојба работата новинарите од источна Македонија. Треба работите да се променат.

- Често застапени по медиумите со нови идеи, критики упатени кон контролните моќи и политичари, бизнисмени и др. Што имаат интерес од контрола врз медиуми. Често да се крева гласот против власта и институциите, бидејќи влијаат директно или индиректно, најчесто психолошки – со закани, уцени и непристојни барања за поткупи и плус надоместоци кај новинарите да изнесат или прикријат информација.

- Влијание на јавното мислење за подобрување на имиџот на новинарите генерално. Новинарите да се промовираат како соработници на граѓаните.

- Истражување на јавното мислење

- Поттикнување на јавната дебата новинари – граѓани – политичари – елити.

- Јавно посочување на медиуми кои не ги почитуваат законските обврски во делот на работничките права.

- Да влијае да се подобри и регулира работниот статус на новинарите со приаавено задолќително осигурување, да се утврди минимален износ на плата за новинарите.

- Во сите случаеви да се помага во реализирање на правата на членовите на ЗНМ, да се обрнува внимаение на членовите во внатрешноста на РМ.

- Со конкретни работи во врска со подобрување на целата состојба, со измени и допуни на законот и средствата од владините реклами доспеат и до приватни медиуми по општини.

- Поголема координација помеѓу членовите и ЗНМ

- Обединување на медиумските работници околу стратешки интереси на професијата, поголема заложба за примена на етичките и профионалните норми и принципи.

- Секако и тоа многу недостига, тешко, или речиси невозможно, ниту тоа ве интересира

- Преку поголемо присуство и јавна поддршка на локалните и регионални медиуми. Членови на Здружението мора да бидат исклучиво новинари и медиумски работници , без сопсвеници кои час се новинари, час работодавци. Медиумите со најголема гледаност кои поседуваат национални концесии треба да бидат исклучени од членство за да знае јавносгта дека сите нивни новинарски производи се во спротивност со новинарските начела. ЗНМ да ги прекине сите контакти со претставници на власта и да им каже на меѓународните организации дека со оваа и ваква влада нема целисходност да се разговара. ЗНМ да воведе годишна манифестација за избор на најдобри новинарски производи, нешто како на Деновите на радијата порано!

- Да не застанува зад новинарите и медиумите кои се занимаваат со криминал што е честа појава и да не влегуваат под влијание на разни соросоидни институции кои влијаат врз целокупното новинарство.

-Со упорна работа и барање за стриктна примена на прописите кои треба да претрпат измени.

- Континуирана програмска активност

- Донесување на закон за распределба на средства од буџетот и донесување на закон за субвенционирање, посебно на локални медиуми

- Со силна поддршка на Меѓународната федерација на новинари, на амбасаёдите и со одржување на Меѓународна конференцјиа за слободата на медиумите во Македонија.

- Раководството да истрае во напорите да се избори за подобрување на условите во кои работат новинарите . да ги анимираат странските амбасади да го помогнат новинарството преку странски грантови. Кога ќе влезат странски пари би се обезбедила некаква финансиска стручност и автоматски ќе исчезнува стравот кај новинарите.

– Да ги штити новинарите без исклучок
- Активно работење во јавноста
- Анимирање (без пардон) на меѓународни асоцијации
- Преиспитување на сите предлог законски решенија постојано и остро
- Поагресивно

- Ако го почитуваат Статутот и другите акти на Здружението

- Да се избори за подостоинствени плати во медиумите. Да нема хонорари кои земаат понижувачки 8-9-10,000 денари.

- Со поголема мобилизација на новинарите и поголема истрајност и агресивност на веќе зацртаните заложби. Да се наметне уште повеќе и уште посериозно како нивни вистински партнер, за да можат новинарите да ги почувствуваат сериозните намери на здружението за да можат уште повеќе да се обединат. Битката не е лесна, но мора да продолќиме. Конкретно за условите: почести средби со сопствениците и охрабрување на новинарите да зборуваат за тоа. Почести средби со членовите ќе ги охрабри.

- Не, бидејќи ЗНМ е најповикано тоа да го направи

- Повеќе тематски обуки, промоција на етички кодекс, Активности за подобрување на новинарите меѓу различни редакции.

- Да работи на економската и социјалната спорност на новинарите односно подобрување на нивниот статус, за слободно изразување. Потоа да поттикне решенија со кои ќе влијае на статусот на новинарите.

- Избор а вистински, независни, непартизирани членови; чести средби и слушања на барањата на членовите; законски мерки за заштита на новинарите од влијанија од политички партии, влада и независно слободно работење на новинарите.

- Со поголема активност ажурност, следење и реагирање во право време на сите негови состојби.

- Доколку застанат на страната на новинарите како идивидуи заштитени од уредничката политика на сопствениците на медиумите кои држат одредена политичка страна а со тоа и економска понизност. И да ги поддржат и заштита новинарит кои го работат истражувачкото новинарство зошто во МК моментално нема.

- Почести средби со новинарите во текот на годината.